РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 11-1183/15
02.12 2024 год.
КАВАДАРЦИ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на инфраструктурни водови, односно делови и позиции од сите видови инфраструктури вон населените места и вон опфат на урбанистички планови, нивните помошни и придружни градби и инсталации со намена Е1- сообраќајни, линиски и други инфраструктури, КО Дреново, Општина Кавадарци |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кавадарци |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кавадарци |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | м-р.инж.арх Ана Несторова |
| Назив на работното место | Советник за донесување урбанистички планови |
| Контакт податоци за лицето | 077 593 682 |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да☒
Не☐

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на инфраструктурни водови, односно делови и позиции од сите видови инфраструктури вон населените места и вон опфат на урбанистички планови, нивните помошни и придружни градби и инсталации со намена Е1- сообраќајни, линиски и други инфраструктури, КО Дреново, Општина Кавадарци е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени Услови за планирање за просторот од Агенција за планирање на просторот Y20722 од Јуни 2022 и Решение за услови за планирање од Министерство за животна средина и просторно планирање УП1-15 1259/2022 од 11.07.2022 година.

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

Да, просторно и урбанистичко планирање

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да☒ Не☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

Не

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.

Не

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за поставување на подземен и надземен нисконапонски телекомуникациски вод и помошни инсталации (телекомуникациска антена и бандери), КО Дреново, Општина Кавадарци

Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)

Просторно и урбанистичко планирање

Периодот за донесување на планскиот документ.

Пет години

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

По истекот на пропишаниот плански период

| |
|---|
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички планови за изградба на инфраструктурни водови, односно делови и позиции од сите видови инфраструктури вон населените места и вин опфат на урабнистички планови, нивните помошни и придружни градби и инсталации со намена Е1- сообраќајни, линиски и други инфраструктури, КО Дреново, Општина Кавадарци треба да овозможи изградба на подземен и надземен нисконапонски електричен вод, бандери и телекомуникациска антена во село Дреново. Дефинираниот простор за изработка на наведениот проектен документ зафаќа површина од 2390м2 и должина од 994м. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) |

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.
Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставување на подземен среднонапонски електричен вод и телекомуникациски столб, КО Дреново, Општина Кавадарци потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Просторот кој е предмет на разработка на овој Урбанистички проект се наоѓа на терен кој е градежно неизграден во делот каде не навлегува во граници на ГУП на град Кавадарци.<br>За просторот потребно е дооформување и дополна со осовременување на инфраструктурните системи со што потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:<br>• површини;<br>• квалитет на градба;<br>• употреба на материјали; |

| | |
|---|---|
| | • повисоки естетски вредности;<br>• соодветна комунална инфраструктура;<br>• обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;<br>• поврзување со сите градски инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи;<br>Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од обласа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влијание врз животната средина, кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фреквенција на возила, како и во зголемувањето на количеството на создаден отпад (комунален), во фазата на градба на планираните објекти.<br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Сите објекти ќе се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила. Планирањето и изработката на техничката |

| | |
|---|---|
| | документација е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04 и 86/08). |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Проектниот опфат ги зафаќа дел од КП 1246, 1247, 1248, 1254, 3338 КО Дреново, Општина Кавадарци. На запад границата започнува од постојна бандера на КП 3338 и продолжува нисконапонски подземен вод кон исток низ КП 3338 се до новопланираата бандера, потоа оди кон југ надземен нисконапонски вод нд дел од КП 1248, КП 1247 и КП 1246 се до новопланирана бандера на дел од КП 1254 потоа продолжува на југ подземен нисконапоснки вод до новопланирана телекомуникациска антена на истата КП.<br>Иницијативата за поставување на кабелски подземен вод, Општина Кавадарци, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина. |

| |
|---|
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: |
| Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.<br>-Реализацијата на документацијата за поставување на подземен и надземен нисконапонски вод, како и бандера и телекомуникациска антена во КО Дреново, Општина Кавадарци, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.<br>Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат. |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. |

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка за поставување на подземен нисконапонски електричен вод и телекомуникациски столб КО Дреново, Општина Кавадарци нема регистрирано нути евидентирано природно наследство..<br>- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.<br>Согласно податоците од Експретниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската Општина Дреново има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.<br>При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрирано културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.<br>- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно неизграден и треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени | Нема |

| | |
|---|---|
| подрачја. | |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Постапката за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на инфраструктурни водови, односно делови и позиции од сите видови инфраструктури вон населените места и вон опфат на урбанистички планови, нивните помошни и придружни градби со инсталации со намена Е1- сообраќајни, линиски ни други инфраструктури КО Дреново, Општина Кавадарци, е покрената по иницијатива на инвеститорот Друштво за проектно менаџирање и професионални услуги ТелеЛинк МК Доо Скопје и во тие граници зафаќа површина од 2390м2. Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко
планирање (Службен весник на Р.С.Македонија бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), Правилникот за
урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.Македонија бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Изработката на урбанистичкиот проект се базира на документациона основа која се состои од:

- Аналитичко-истражувачки дел
- Графички дел

Аналитичко-истражувачкиот дел содржи анализи на постојната состојба и согледување на предметниот простор во рамките на непосредното и поширокото опкружување, начинот на користење на земјиштето, сообраќајната поврзаност, како и инвентаризација на изградената комунална инфраструктура.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Не се очекува предвидените објекти за градење да имаат негативно влијание врз околните објекти, доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација и Извештајот за Стратегиската оцена врз животната средина да влијаат негативно врз објектите кои се планирани да се градат во рамките на овој плански опфат.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одрживиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за кабелски подземен и надземен вод во КО Дреново Општина Кавадарци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградување на нагибите.

- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Планските решенија за комуналната инфраструктура, собирањето на фекалните и атмосферски води од планскиот опфат и поврзување со постојната мрежа и одведување на истите во непропусна септичка јама, овозможува евентуалните негативни влијанија врз подземните и површинските води да се детерминираат кон извори на емисија кои се резултат на функционирањето на планираните објекти. Тоа подразбира детална идентификација на овие извори при имплементација на оваа планска документација со цел преземање на соодветни мерки за спречување и елиминирање на негативните влијанија врз подземните и површинските води. Тоа практично значи дека секој од деловните субјекти кои претставува извор на технолошки отпадни води ќе треба да преземе активности за нивен соодветен третман во рамките на самиот деловен субјект, што претставува законска обврска.

- бучава- во фазата на реализација на проектот, како и во фаза на експлоатација се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација.
- отпад- во фазата на реализација и експлоатација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва, подземни води, воздух итн.)
- флора и фауна- во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта.

Предвиденото планско решение како алтернатива дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност просторот од неатрактивно земјоделско земјиште да прерасне во простор кој ќе даде голем придонес за развојот на регионот, локалната и националната економија.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани

| |
|---|
| врз животната средина:<br>- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите во опфатот);<br>- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација); |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Согласно добиените Услови за планирање на просторот проектниот опфат навлегува и во други издадени услови за планирање, но нема други урбанистичко проектни документации. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Пред изградба на поединечните проекти/објекти, кои влегуваат во состав на Урбанистичкиот проект ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина. |

| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>д-р Митко Јанчев |
| Датум 02.12.2024<br>Место Кавадарци | МП |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ-КАВАДАРЦИ